Културната манифестација **“Невестиското поклонение на Свети Теодор Тирон”** се одржува во првата недела од велигденските пости (ден по Тодорова сабота) во кругот на црквата св. Теодор Тирон во село Кононица, под покровителство на градоначалникот на Крива Паланка а со поддршка од Центарот за Култура од Крива Паланка, МПЦ, месната заедница и граѓаните на село Конопница.

Во 2016 година, културната манифестација е составен дел од Годишната Програма на Министерството за култура за културни манифе-стации од национален интерес.

Невестинско поклонение, е народен обичај кој со векови бил негуван и пренесуван од генерација на генерација сé до 1977 година кога традицијата била прекината а обичајот запоставен. Во 2010 година, по 33 години по иницијатива на Стојанче Величковски, (РЗР Патник) обичајот е возобновен во вид на културна манифестација и преставува уникатна туристичка атракција.

***Според правилата на народниот обичај, во свеченото дефиле учествуваат младите невести кои биле венчани помеѓу двете „тодорици“ заедно со своите свекрви облечени во народни носии.***



Ритуалот започнувал свеченото постро-јување, така што за „постари“ се сметале оние кои чија што венчавка била со постар датум и тие ја имале привилегијата да бидат во првите редови на свечената поворка.

Со таканаречената “посипка“ на симболичен начин била изразувана подготвеноста на младите невести и свекрвите за свечениот чин на поклонението придружувано од специјална жива музика.

Народната веселба продолжувала со водокрст, сечење на колачите од кумовите по што младите се „надигрувале“ со танец на оро, ергените одбирале мома, додека еснафите се дружеле.

Сите добронамерници имале можност да прославуваат со домашно вино, ракијата и да уживаат во вкусот на домашнте специјалитети.




Културната манифестација од 2012 година е од од отворен тип и на неа може да учествуваат сите млади снаи и свекрви (од земјата и од станство) и да го преставуваат својот роден крај, село или град,регион, држава.



Секоја млада невеста, учесничка на невестинското поклонение добива парична награда во проттиввредност на 50 евра од општина Крива Паланка како и пригодна поклоненичка марама.

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

# НЕВЕСТИНСКО ПОКЛОНЕНИЕ

## НА СВЕТИ ТЕОДОР ТИРОН СЕЛО КОНОПНИЦА

КУЛТУРНА МАНИФЕСТАЦИЈА КОЈА СЕ ОДРЖУВА ТРАДИЦИОНАЛНО СЕКОЈА ГОДИНА, ДЕН ПО ТОДОРОВА САБОТА, ВО ПРВАТА НЕДЕЛА ОД ВЕЛИГДЕНСКИТЕ ПОСТИ




ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
МАКЕДОНСКА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА-ОА КУМАНОВСКО-ОСОГОВСКА ЕПАРХИЈА МАНАСТИР СВЕТИ ЈОАКИМ ОСОГОВСКИ КРИВА ПАЛАНКА
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ПАТНИК

Селото Конопница, своето име веројатно го има добиено како поднебје кое било многу погодно за одгледување на коноп. Постарите жители сеуште се сеќаваат на тоа време и имат  сочувано дел од алатките за обработка на конопот.

Атарот на селото се простира на западната подгорина на Осоговските планини и преставува едно ретките села кое што во на почетокот на IX век броело над 1000 жители.



Географската поставеност на селото која се движи од 550 течението на Крива Река до 1645 м.н.в. (Костадиница), како и близината на Европскиот транспортен коридор-8 и на Крива Паланка, биле поволни предуслови, во селото да се задржи поголем дел од населението.




Денешна Конопница брои 3500 жители, гордост за селото е Меѓународниот конкурс за карикатура “Невестинско Поклонение“ кој што авторот Стојанче Величковски го организира во соработка со општина Крива Паланка.

Покрај празнувањата на Теодор Тирон, жителите помасовно се собират на Божик, Бадник, Велигден, Водици, кога во билизина на Црквата кога се фрла крстот во Селска Река. Во летниот период населението го прославува на Прокопје на 21 јули (на локација на која спред преданијата на постарите жители во селото, пред околу стотина години владеала голема суша, и токму на тоа место се сретнале “додолари” од трите соседни села Мождивњак, Градец и Мартиница предводени од свештенослужители и чудото навистна се случило, во моментот на сретнувањето  на “додоларите“ паднал долгоочекуваниот дожд, а задоволните и радосни селани одлучиле достојно да го прославуваат тој ден на место кое е на околу 500 метри западно од црквата). Покрај овие постојат повеќе маалски слави Петковден (Гражданци)  Св. Троица и Крстовден  (Баратлиици).




Според преданијата, планот за градба на црквата Свети Теодор Тирон (XIX век) е донесен од локалните мајстори кои што рабореле во денешна Романија а самата црква една од многу ретките цркви во Македонија чија основа е рамностран тролист. Со своите „кружни“ архитектонски обрасци наликува на Старата Климентова Црква Св. Пантејмон на Плаошник од крајот на IX век. Пред влезот на црквата во плитка ниша во вид на тролист е насликан Св. Теодор Тирон.



Црквата има зачуван фрескоживопис, најголем дел од фреските се изработени од страна на Аврам Дичов, син на славниот Дичо Зограф од Тресонче.




**Дополнителни нформации:**
**Стојанче Величковски (РЗР ПАТНИК) 070 32 1234**
**Општина Крива Паланка 031 372 130**